ПРЕДЛАГАЧ:
Владата на Република Северна Македонија

ПРЕТСТАВНИЦИ:
д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, и

Филип Николоски, заменик на министерот за финансии

ПОВЕРЕНИЦИ:
д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии и

Сузана Пенева, државен советник во Министерството за финансии

Предлог на закон
за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската Унија по Договор за заем за Макро-финансиска поддршка на Република Северна Македонија, по скратена постапка

Скопје, октомври 2023 година

PROPOZUES:
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

PËRFAQËSUES:
Dr. Fatmir Besimi, ministër i Financave, dhe

Filip Nikolloski, zëvendësministër i Financave

TË BESUAR:
Dr. Jelena Tast, sekretare shtetërore në Ministrinë e Financave dhe

Suzana Peneva, këshilltare shtetërore në Ministrinë e Financave

Propozim-ligji
për detyrim në Republikën e Veriut të Maqedonisë, në lidhje me Bashkimin Evropian, për mbështetjen e Maqedonisë në Republikën e Veriut

Shkup, tetor 2023 viti

**Влада на Република Северна Македонија**

Скопје 31 октомври 2023 година
Бр. 41-11575/3

**До**
**Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија**
**Скопје**

Врз основа на членот 91 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 132, 137 и 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Владата на Република Северна Македонија Ви поднесува Предлог на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската Унија по Договор за заем за Макро-финансиска поддршка на Република Северна Македонија, по скратена постапка, што го утврди на седницата, одржана на 31 октомври 2023 година.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и Филип Николоски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии и Сузана Пенева, државен советник во Министерството за финансии.

Në bazë të nenit 91, alinesë 2 të Kushtetutës së Republikës së Maqedonisë së Veriut dhe neneve 132, 137 dhe 170 të Rregullores së Kuvendit të Republikës së Maqedonisë, Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut Ju parashtron Propozim - ligjin për Huamarrje të Republikës së Maqedonisë së Veriut me Hua tek Bashkimi Evropian sipas Marrëveshjes për Hua për Mbështetjen Makro-financiare të Republikës së Maqedonisë së Veriut, me procedurë të shkurtuar, që e përcaktoi në seancën e mbajtur me 31 tetor 2023.

Për përfaqësues të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut në Kuvend janë përcaktuar dr. Fatmir Besimi, ministër i Financave dhe Filip Nikolloski, zëvendësministër i Financave, ndërsa për të besuar dr. Jelena Tast, sekretare shtetërore në Ministrinë e Financave dhe Suzana Peneva, këshilltare shtetërore në Ministrinë e Financave.

**Прв заменик на претседателот**
**на Владата на Република**
**Северна Македонија**

**dr. Artan Grubi**

| | |
|---|---|
| Подготвили: | Владимир Лазаревски, соработник |
| Проверил: | Никола Пасков, раководител на одделение |
| | Катерина Јаневска, раководител на одделение |
| Контролирал: | Стојанчо Радичевски, помошник раководител на сектор |
| | Jetmira Maliqi, помошник раководител на сектор |
| Согласен: | Снежана М. Пендовски, државен советник |
| | Зоран Брњарчевски, раководител на сектор |
| Одобрил: | м-р Методија Димовски, генерален секретар на Владата |

ВОВЕД:

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ:

Макро-финансиската поддршка (МФП) претставува форма на финансиска поддршка на ЕУ, со цел да им се помогне на земјите кориснички во справувањето со сериозни, но генерално краткорочни потешкотии во билансот на плаќање или буџетот. Поддршката е во форма на среднорочни/долгорочни заеми или грантови (или нивна комбинација) и истата е наменета за земји кои се корисници на програма од Меѓународниот монетарен фонд (ММФ).

МФП е наменета за земји кои географски, економски и политички се блиску до ЕУ, вклучувајќи ги земјите кандидати, потенцијалните кандидати за членство во ЕУ, како и земјите кои се граничат со ЕУ, односно сите земји опфатени со Европската соседска политика, а во одредени околности и други трети земји.

Овој инструмент има за цел да помогне на земјите во враќањето на одржлива надворешна финансиска состојба, истовремено поттикнувајќи ги економските прилагодувања и структурните реформи. Наменет е стриктно како дополнување на финансирање претходно добиено од страна на Меѓународниот монетарен фонд (ММФ).

По правило, средствата од МФП се исплаќаат на централните банки на земјите-кориснички и истите Владата може да ги користи како што смета дека е соодветно, било да е за резерви, интервенција на пазарот на девизи или како директна поддршка за буџетот.

За разлика од другите форми на финансиска поддршка од Европската Комисија (ЕК) со макроекономски цели, како што се Инструментот за претпристапна поддршка (ИПА), Европскиот инструмент за соседство и партнерство или Европскиот фонд за развој. МФП е мерка за итна помош која не е наменета за обезбедување

HYRJE:

I. VLERËSIMI I GJENDJEVE NË FUSHËN QË DUHET TË RREGULLOHET ME LIGJ DHE ARSYET E MIRATIMIT TË LIGJIT:

Përkrahja makrofinanciare (PMF) paraqet një mënyrë të përkrahjes financiare nga BE-ja, me qëllim që t'u ndihmohet vendeve shfrytëzuese gjatë ballafaqimit me vështirësitë serioze, por përgjithësisht afatshkurtra lidhur me bilancin e pagesave ose me buxhetin. Përkrahja është në formë të huave ose granteve afatmesme/afatgjata (ose kombinim i tyre) dhe destinohet për vendet që janë shfrytëzuese të programit të Fondit Monetar Ndërkombëtar (FMN).

PMF-ja destinohet për vendet që janë gjeografikisht, ekonomikisht dhe politikisht afër BE-së, duke përfshirë vendet kandidate, kandidatet potenciale për anëtarësim në BE, vendet që kufizohen me BE-në, përkatësisht të gjitha vendet e përfshira në Politikën evropiane të fqinjësisë dhe në rrethana të caktuara edhe vendet e tjera të treta.

Me këtë instrument synohet të ndihmohen vendet për rikthimin në gjendjen financiare të qëndrueshme me ndihmë të jashtme, njëkohësisht duke i nxitur përshtatjet (rregullimet) ekonomike dhe reformat strukturore. Instrumenti destinohet në mënyrë strikte si shtesë e financimit paraprak, i siguruar nga Fondi Monetar Ndërkombëtar (FMN).

Sipas rregullave, mjetet e PMF-së paguhen në bankat qendrore të vendeve shfrytëzuese dhe Qeveria mund t'i shfrytëzojë ato në mënyrën që e konsideron si më përkatëse, qoftë për rezerva, intervenim në tregun e devizave apo si përkrahje direkte për buxhetin.

Për dallim nga format e tjera të përkrahjes financiare të Komisionit Evropian (KE) me qëllime makroekonomike, siç janë Instrumenti i Përkrahjes Paraaderuese (IPA), Instrumenti Evropian i Fqinjësisë dhe Partneritetit ose Fondi Evropian i Zhvillimit. PMF-ja është masë për ndihmë urgjente,

редовна финансиска поддршка за економски и социјален развој.

Република Северна Македонија во 2020 и 2021 година користеше 160 милиони евра макро-финансиска поддршка од Европската Унија за справување со економските последици предизвикани од Ковид-19 пандемијата за време на вонредна состојба. Станува збор за средства од пакетот којшто ЕК го воспостави во време на корона-кризата.

На 17.07.2023 година во Службениот весник на Европската Унија објавена е Одлуката на Европскиот парламент и Советот на ЕУ, од 12.07.2023 година, за доделување МФП на Северна Македонија во износ од 100 милиони евра. Средствата се доделени за надминување на ситуацијата предизвикана од војната во Украина и енергетската криза, заради кои дојде до зголемување на цените на производите, како во светот, така и во Република Северна Македонија. Средствата од МФП се во вкупен износ од 100 милиони евра и истите ќе се реализираат преку две транши, секоја во износ од 50 милиони евра, во период од 2 години.

За користење на средствата со ЕК ќе треба да се склучат Меморандум за разбирање, во кој ќе бидат дефинирани условите за користење на средствата и Договор за заем, во кој ќе бидат дефинирани начинот на добивање и отплатата на заемот.

Текстовите на Меморандумот за разбирање и Договорот за заем се усогласени со ЕК во септември 2023 година. Меморандумот за разбирање ќе се склучи по одобрување на неговиот текст од страна на Владата. Договорот за заем министерот за финансии ќе го потпише во името на Владата на Република Северна Македонија, по претходно донесен закон за задолжување.

Условите под кои ќе биде доделен заемот се утврдени со Договор за заем. Имено, заемот ќе се повлекува во две транши, а условите за секоја транша ќе се утврдуваат посебно. За секоја транша Министерството за финансии треба да поднесе писмено барање за повлекување средства до ЕК. По добивање на барањето, ЕК ќе ги обезбедува средствата од пазарот на капитал, односно ЕК во име на ЕУ ќе започне со емисии на

që destinohet për sigurimin e përkrahjes së rregullt financiare për zhvillim ekonomik dhe social.

Republika e Maqedonisë së Veriut në vitin 2020 dhe 2021, ka shfrytëzuar 160 milionë euro si përkrahje makrofinanciare nga Bashkimi Evropian për ballafaqim me pasojat ekonomike, të shkaktuara nga pandemia Kovid-19 gjatë gjendjes së jashtëzakonshme. Bëhet fjalë për mjetet nga pakoja që KE-ja e ka vendosur gjatë krizës së koronës.

Më datë 17.07.2023, në Gazetën Zyrtare të Bashkimit Evropian u publikua Vendimi i Parlamentit Evropian dhe Këshillit të BE-së, i datës 12.07.2023, për dhënien e PMF-së ndaj Maqedonisë së Veriut në vlerë prej 100 milionë eurove. Mjetet janë ndarë për tejkalimin e situatës së shkaktuar nga lufta në Ukrainë dhe kriza energjetike dhe si rezultat i këtyre ngjarjeve u rritën çmimet e produkteve, si në suaza botërore, ashtu edhe në Republikën e Maqedonisë së Veriut.

Mjetet e PMF-së janë në vlerë të përgjithshme prej 100 milionë eurove dhe ato do të realizohen përmes dy transheve, secila në vlerë prej 50 milionë eurove, në periudhë prej dy viteve.

Për shfrytëzimin e mjeteve, me KE-në duhet të nënshkruhet Memorandumi i mirëkuptimit, ku do të definohen kushtet e shfrytëzimit të mjeteve, si dhe Marrëveshja e huasë, ku do të definohet mënyra e marrjes dhe shlyerjes së huasë.

Tekstet e Memorandumit të mirëkuptimit dhe Marrëveshjes së huasë janë harmonizuar me KE-në në muajin shtator të vitit 2023. Memorandumi i mirëkuptimit do të nënshkruhet pas aprovimit të tekstit të tij nga Qeveria. Ministri i Financave do ta nënshkruajë Marrëveshjen e huasë në emër të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut, pas miratimit paraprak të Ligjit të Huamarrjes.

Kushtet në të cilat do të jepet huaja përcaktohen me Marrëveshjen e huasë. Gjegjësisht, huaja do të tërhiqet në dy transhe, ndërsa kushtet për çdo transhe do të përcaktohen në mënyrë të veçantë. Ministria e Financave për çdo transhe duhet të parashtrojë kërkesë me shkrim në KE për tërheqjen e mjeteve. Pas pranimit të kërkesës, KE-ja do t'i sigurojë mjetet nga tregu i kapitalit, përkatësisht KE-

обврзници или какви било други соодветни финансиски трансакции за финансирање. Се очекува заради ААА рејтингот на ЕУ, средствата од пазарот на капитал ЕК да ги добие под доста поволни услови и под истите услови да и ги препозајми на нашата држава. За секоја транша ЕК ќе издаде Известување, во кое ќе бидат утврдени конечните финансиски услови за траншата: датум на исплата, каматна стапка, датум на достасување, банкарски провизии, како и останати трошоци за повлекување на средствата.

Повлекувањето на средствата од заемот е условено со добивање позитивна оценка од страна на Европската комисија во име на Европската унија, за напредокот постигнат во однос на голем број мерки за макроекономско и структурно приспособување и задоволителен успех во спроведувањето на обврските договорени со ММФ.

Мерките поврзани со секоја транша од оваа поддршка се засноваат на Програмата за економски реформи 2023 – 2025 која Владата ја прифати на 122 седница, одржана на 01.02.2023 година.

Средствата од МФП ќе бидат префрлени во евра на сметка на Министерството за финансии како краен корисник, отворена кај Народната банка на Република Северна Македонија која е агент за трансфер на траншите и еден од потписниците на Меморандумот за разбирање и Договорот за заем. Владата може да ги користи средствата за резерви, за интервенција на пазарот на девизи или како директна поддршка за Буџетот.

Условите за повлекување на првата и втората транша се утврдени со Меморандумот за разбирање, и истите се однесуваат на спроведувањето на реформите во следните области: јавни финансии, деловно окружување, образование и пазар на труд, енергетика, правосудство, добро управување и борба против корупција.

Согласно Законот за јавен долг („Службен весник на Република Македонија“ бр.165/14 – пречистен текст и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19 и бр.151/2021) во име на Република Северна Македонија, договор за заем склучува Владата на Република Северна Македонија, кој министерот за финансии го

ja në emër të BE-së do të fillojë me emetimet e fletobligacioneve ose transaksionet e tjera përkatëse financiare të financimit. Për shkak rejtingut AAA të BE-së, pritet që mjetet nga tregu i kapitalit KE-ja t'i sigurojë me kushte shumë të favorshme dhe me këto kushte t'ia rihuazojë vendit tonë. Për çdo transhe, KE-ja do të lëshojë Njoftim, ku do të përcaktohen kushtet përfundimtare financiare të transhesë: data e pagesës, norma e interesit, data e maturimit, provizionet bankare, si dhe kostot e tjera për tërheqjen e mjeteve.

Tërheqja e mjeteve të huasë është kushtëzuar me marrjen e vlerësimit pozitiv nga Komisioni Evropian në emër të Bashkimit Evropian mbi progresin e arritur, sa i përket masave të shumta të përshtatjes makroekonomike dhe strukturore, si dhe suksesit të niveli të duhur në zbatimin e detyrimeve të dakorduara me FMN-në.

Masat në lidhje me çdo transhe të përkrahjes janë në bazë të Programit të reformave ekonomike 2023-2025, që Qeveria e ka miratuar në mbledhjen e 122-të, të mbajtur më datë 01.02.2023.

Mjetet e FMN-së do të transferohen në euro në llogarinë e Ministrisë së Financave si shfrytëzuese e fundit, që mbahet në Bankën Popullore të Republikës së Maqedonisë së Veriut, e cila është agjente për transferimin e transheve dhe një prej nënshkruesve të Memorandumit të mirëkuptimit dhe Marrëveshjes së huasë. Qeveria mund t'i shfrytëzojë ato mjete si rezervë, intervenim në tregun e devizave apo si përkrahje direkte për buxhetin.

Kushtet për tërheqjen e transhes së parë dhe të dytë janë përcaktuar me Memorandumin e mirëkuptimit dhe i referohen zbatimit të reformave në fushat e mëposhtme: financat publike, mjedisi afarist, arsimi dhe tregu i punës, energjetika, gjyqësori, menaxhimi i mirë dhe lufta kundër korrupsionit.

Sipas Ligjit të Borxhit Publik ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 165/14 – tekst i konsoliduar dhe "Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr.98/19 dhe 151/2021) në emër të Republikës së Maqedonisë së Veriut, Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

потпишува во името на Владата на Република Северна Македонија, по претходно донесен закон за задолжување.

Во таа насока, услов за склучување на Договорот за заем е усвојување на Предлог на Закон за задолжување, од страна на Собранието и негово објавување во Службен весник на Република Северна Македонија.

Имајќи го предвид наведеното, Владата на Република Северна Македонија изготви Предлог на Закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската Унија по Договор за заем за Макро-финансиска поддршка на Република Северна Македонија, по скратена постапка, кој го доставува до Собранието на Република Северна Македонија за усвојување.

nënshkruan Marrëveshjen e huasë, e cila nënshkruhet nga ministri i Financave në emër të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut, pas miratimit paraprak të Ligjit të Huamarrjes.

Në këtë drejtim, kusht për nënshkrimin e Marrëveshjes së huasë është miratimi i Propozimligjit të Huamarrjes nga Kuvendi dhe publikimi i saj në Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

Duke pasur parasysh të lartpërmendurën, Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut hartoi Propozimligjin e Huamarrjes së Republikës së Maqedonisë së Veriut me Hua nga Bashkimi Evropian në bazë të Marrëveshjes së Huasë për Përkrahje Makrofinanciare të Republikës së Maqedonisë së Veriut, me procedurë të shkurtuar, që dorëzohet për miratim në Kuvendin e Republikës së Maqedonisë së Veriut.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА:

Целта на обезбедувањето на средствата преку МФП инструментот е да се помогне на земјите во враќање на одржлива надворешна финансиска состојба, истовремено поттикнувајќи ги економските прилагодувања и структурните реформи.

Средствата се доделени за надминување на ситуација предизвикана од војната во Украина и енергетската криза, заради кои дојде до зголемување на цените на производите, како во светот, така и во Република Северна Македонија.

Основно начело на кое се заснова овој Предлог на Закон е обезбедување на финансиски средства за да се овозможи на Владата на Република Северна Македонија да ги користи средствата за резерви, за интервенција на пазарот на девизи или како директна поддршка за Буџетот.

Во таа насока, Република Северна Македонија и Народна банка на Република Северна Македонија со Европската Унија ќе склучат Договор за заем, во износ од 100.000.000 евра.

## II. QËLLIMET, PARIMET DHE ZGJIDHJET THEMELORE:

Qëllimi i sigurimit të mjeteve përmes instrumentit PMF është që t'u ndihmohet vendeve për rikthimin në gjendjen financiare të qëndrueshme me ndihmë të jashtme, njëkohësisht duke i nxitur përshtatjet ekonomike dhe reformat strukturore.

Mjetet janë ndarë për tejkalimin e situatës së shkaktuar nga lufta në Ukrainë dhe kriza energjetike dhe si rezultat i këtyre ngjarjeve u rritën çmimet e produkteve, si në suaza botërore, ashtu edhe në Republikën e Maqedonisë së Veriut.

Parimi kryesor mbi të cilin bazohet propozimligji në fjalë është sigurimi i mjeteve financiare, duke i mundësuar Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut që t'i shfrytëzojë ato mjete si rezerva, intervenim në tregun e devizave ose si përkrahje direkte për buxhetin.

Në këtë drejtim, Republika e Maqedonisë së Veriut dhe Banka Popullore e Republikës së Maqedonisë së Veriut do ta nënshkruajnë Marrëveshjen e huasë në vlerë prej 100.000.000 eurove.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА:

Вкупната вредност на заемот од МФП за кој ќе се задолжи Република Северна Македонија изнесува 100.000.000 евра.

Заемот ќе се повлекува во две транши. По добивање на барањето, ЕК ќе ги обезбедува средствата од пазарот на капитал, односно ЕК во име на ЕУ ќе започне со емисии на обврзници или какви било други соодветни финансиски трансакции за финансирање. Се очекува заради ААА рејтингот на ЕУ, средствата од пазарот на капитал ЕК да ги добие под доста поволни услови и под истите услови да и ги препозајми на нашата држава. За секоја транша ЕК ќе издаде Известување, во кое ќе бидат утврдени конечните финансиски услови за траншата:, датум на исплата, каматна стапка, датум на достасување, банкарски провизии, како и останати трошоци за повлекување на средствата.

Средствата од МФП ќе бидат префрлени во евра на сметка на Министерството за финансии како краен корисник, отворена кај Народната банка на Република Северна Македонија која е агент за трансфер на траншите и еден од потписниците на Меморандумот за разбирање и Договорот за заем.

Република Северна Македонија заемот ќе го отплаќа од Буџетот на Република Северна Македонија.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ:

Финансиските средства потребни за спроведување на овој закон се образложени во Дел 3 на овој Предлог закон и во Образецот за

III. VLERËSIMI I PASOJAVE FINANCIARE TË PROPOZIM LIGJIT MBI BUXHETIN DHE MJETET E TJERA FINANCIARE:

Vlera e përgjithshme e huasë nga PMF-ja që Qeveria e RMV-së do ta marrë borxh është 100.000.000 euro.

Huaja do të tërhiqet në dy transhe. Pas pranimit të kërkesës, KE-ja do t'i sigurojë mjetet nga tregu i kapitalit, përkatësisht KE-ja në emër të BE-së do të fillojë me emetimet e fletobligacioneve ose transaksionet e tjera përkatëse financiare të financimit. Për shkak të rejtingut AAA të BE-së, pritet që mjetet nga tregu i kapitalit KE-ja t'i sigurojë me kushte shumë të favorshme dhe me këto kushte t'ia rihuazojë vendit tonë. Për çdo transhe, KE-ja do të lëshojë Njoftim, ku do të përcaktohen kushtet përfundimtare financiare të transhesë: data e pagesës, norma e interesit, data e maturimit, provizionet bankare, si dhe kostot e tjera për tërheqjen e mjeteve.

Mjetet e PMF-së do të transferohen në euro në llogarinë e Ministrisë së Financave si shfrytëzuese e fundit, që mbahet në Bankën Popullore të Republikës së Maqedonisë së Veriut, e cila është agjente për transferimin e transheve dhe një prej nënshkruesve të Memorandumit të mirëkuptimit dhe Marrëveshjes së huasë.

Republika e Maqedonisë së Veriut do ta paguajë huanë nga Buxheti i Republikës së Maqedonisë së Veriut.

IV. VLERËSIMI I MJETEVE FINANCIARE TË NEVOJSHME PËR ZBATIMIN E LIGJIT, MËNYRA E SIGURIMIT TË TYRE, TË DHËNA NËSE ZBATIMI I LIGJIT SHKAKTON DETYRIME MATERIALE PËR SUBJEKTE TË CAKTUARA:

Mjetet financiare të nevojshme për zbatimin e këtij ligji janë arsyetuar në Pjesën 3 të këtij

проценка на фискалните импликации даден во прилог на овој материјал.

Propozimligji dhe në Formularin e vlerësimit të implikimeve fiskale në shtojcë të këtij materiali.

V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОН ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СО ЗАЕМ КАЈ ЕВРОПСКАТА УНИЈА ПО ДОГОВОР ЗА ЗАЕМ ЗА МАКРО-ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

V. PROCEDURA E SHKURTUAR PËR MIRATIMIN E LIGJIT TË HUAMARRJES SË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT ME HUA NGA BASHKIMI EVROPIAN NË BAZË TË MARRËVESHJES SË HUASË PËR PËRKRAHJE MAKROFINANCIARE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

Со оглед на тоа што се исполнети случаите утврдени во член 170 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, односно не е во прашање донесување на сложен и обемен закон, се предлага Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската Унија по Договор за заем за макро-финансиска поддршка за Република Северна Македонија, да се донесе по скратена постапка.

Duke pasur parasysh faktin se janë plotësuar rastet e përcaktuara në nenin 170 alineja 1 e Rregullores së Kuvendit të Republikës së Maqedonisë së Veriut, përkatësisht se nuk bëhet fjalë për miratimin e një ligji të komplikuar dhe voluminoz, propozohet që Ligji i Huamarrjes së Republikës së Maqedonisë së Veriut me Hua nga Bashkimi Evropian në bazë të Marrëveshjes së Huasë për Përkrahje Makrofinanciare të Republikës së Maqedonisë së Veriut, të miratohet me procedurë të shkurtuar.

VI. УСОГЛАСУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОНОТ СО ПРАВОТО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

VI. HARMONIZIMI I PROPOZIMIT TE LIGJIT ME LEGJISLACIONIN (TË DREJTËN) E BASHKIMIT EVROPIAN

Во Службениот весник на Европската Унија објавена е Одлука (ЕУ) 2023/1461 на Европскиот парламент и Советот на ЕУ од 12 јули 2023 година за доделување Макро - финансиска поддршка за Република Северна Македонија CELEX 32023D1461 со која се доделува макро-финансиска поддршка на Република Северна Македонија во износ од 100 милиони евра.

Në Gazetën Zyrtare të Bashkimit Evropian u publikua Vendimi (BE) 2023/1461 i Parlamentit Evropian dhe Këshillit të BE-së i datës 12 korrik 2023 për ofrimin e përkrahjes makrofinanciare për Republikën e Maqedonisë së Veriut CELEX 32023D1461, me të cilin ofrohet përkrahja makrofinanciare për Republikën e Maqedonisë së Veriut në vlerë prej 100 milionë euro.

Макро-финансиската поддршка е доделена согласно член 106 од Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европските заедници и нејзините земји членки (Сл.в. 28/2001) каде е наведено дека „на барање на Република Македонија и во случај на посебни потреби, Заедницата во координација со меѓународните финансиски институции може да ја испита можноста за доделување на макро-финансиска поддршка по исклучителни основи, што ќе подлежи на одредени услови, земајќи ја предвид, таму каде што е можно, расположливоста на сите финансиски ресурси“.

Përkrahja makrofinanciare ofrohet në përputhje me nenin 106 të Marrëveshjes së stabilizim asociimit ndërmjet Republikës së Maqedonisë dhe komuniteteve evropiane, si dhe shteteve anëtare të saj (Gazeta Zyrtare 28/2001), ku theksohet se “me kërkesë të Republikës së Maqedonisë dhe në rast të nevojave të veçanta, komuniteti në koordinim me institucionet financiare ndërkombëtare mund ta shqyrtojë mundësinë e ofrimit të përkrahjes makrofinanciare në baza të jashtëzakonshme, në varësi të kushteve të caktuara, duke marrë parasysh, aty ku është e mundur, disponueshmërinë e të gjitha burimeve financiare”.

| | |
|---|---|
| Средствата се доделени за надминување на ситуацијата предизвикана од војната во Украина и енергетската криза, заради кои дојде до зголемување на цените на производите, како во светот, така и во Република Северна Македонија. | Mjetet janë ndarë për tejkalimin e situatës së shkaktuar nga lufta në Ukrainë dhe kriza energjetike dhe si rezultat i këtyre ngjarjeve u rritën çmimet e produkteve, si në suaza botërore, ashtu edhe në Republikën e Maqedonisë së Veriut. |
| Макро-финансиската поддршка на Унијата за Северна Македонија е финансиски инструмент за поддршка на платниот биланс кој има за цел да одговори на непосредните потреби за надворешно финансирање на Северна Македонија и треба да поткрепи спроведување на програма за политики која содржи силно итно прилагодување и мерки за структурни реформи дизајнирани да ја подобрат позицијата на платниот биланс на Северна Македонија на краток рок. | Përkrahja makrofinanciare e BE-së për Maqedoninë e Veriut është instrument financiar për përkrahjen e bilancit të pagesave që ka si qëllim reagimin ndaj nevojave të menjëhershme të financimit të jashtëm të Maqedonisë së Veriut dhe duhet ta përkrahë zbatimin e programit të politikave e vila përfshin rregullime të fuqishme të menjëhershme dhe masa strukturore. Reformat e projektuara për përmirësimin e pozicionit të bilancit të pagesave të Maqedonisë së Veriut në afat të shkurtër. |

Предлог на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската Унија по Договор за заем за макро-финансиска поддршка на Република Северна Македонија

Член 1

Република Северна Македонија се задолжува кај Европската Унија со заем во износ од 100.000.000 евра, наменет за макро-финансиска поддршка на Република Северна Македонија.

Член 2

Условите и начинот на користење на заемот од членот 1 од овој закон, се утврдуваат со Договорот за заем за макро-финансиска поддршка на Република Северна Македонија, кој ќе се склучи меѓу Република Северна Македонија и Европската Унија.

Во име на Република Северна Македонија, Договорот за заем од ставот 1 на овој член ќе го потпишат министерот за финансии и гувернерот на Народна банка на Република Северна Македонија.

Член 3

Заемот од членот 1 од овој закон ќе се повлекува во две еднакви транши од по 50.000.000 евра.

За секоја транша Министерството за финансии ќе поднесе Барање за повлекување средства до Европската комисија.

За секое повлекување на износот од заемот во транша Европската комисија ќе издаде Известување, во кое ќе бидат утврдени конечните финансиски услови на траншата, меѓу кои се: износот на траншата, датумот на исплата, каматната стапка, датумот на достасување, банкарските провизии и останатите трошоци за повлекување на средствата.

Propozim ligji i huamarrjes së Republikës së Maqedonisë së Veriut me Hua nga Bashkimi Evropian në bazë të Marrëveshjes së huasë për Përkrahje Makrofinanciare të Republikës së Maqedonisë së Veriut

Neni 1

Republika e Maqedonisë së Veriut merr hua nga Bashkimi Evropian në vlerë prej 100.000.000 eurove, që destinohet për përkrahje makrofinanciare të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

Neni 2

Kushtet dhe mënyra e shfrytëzimit të huasë nga neni 1 i këtij ligji, përcaktohen me Marrëveshjen e huasë për përkrahje makrofinanciare të Republikës së Maqedonisë së Veriut, që do të nënshkruhet ndërmjet Republikës së Maqedonisë së Veriut dhe Bashkimit Evropian.

Në emër të Republikës së Maqedonisë së Veriut, Marrëveshjen e huasë nga paragrafi (1) i këtij nenit do ta nënshkruajnë ministri i Financave dhe guvernatorja e Bankës Popullore të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

Neni 3

Huaja nga neni 1 i këtij ligji do të tërhiqet në dy transhe të njëjta me nga 50.000.000 euro.

Për çdo transhe, Ministria e Financave në Komisionin Evropian do të parashtrojë Kërkesë për tërheqjen e mjeteve.

Për çdo tërheqje të vlerës së huasë për çdo transhe, KE-ja do të lëshojë Njoftim, ku do të përcaktohen kushtet përfundimtare financiare të transhesë: vlera e transhesë, data e pagesës, norma e interesit, data e maturimit, provizionet bankare, si dhe kostot e tjera për tërheqjen e mjeteve.

Член 4

Средствата од заемот од членот 1 од овој закон ќе се користат за поддршка на Буџетот на Република Северна Македонија.

Neni 4

Mjetet e huasë nga neni 1 i këtij ligji, do të shfrytëzohen për përkrahje të Buxhetit të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

Член 5

Република Северна Македонија заемот од членот 1 од овој закон ќе го отплаќа од Буџетот на Република Северна Македонија.

Neni 5

Republika e Maqedonisë së Veriut do ta paguajë huanë nga neni 1 i këtij ligji nga Buxheti i Republikës së Maqedonisë së Veriut.

Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Neni 6

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e publikimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut".

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ – ЗАКОНОТ

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ:

Заемот во износ од 100 милиони евра ќе и биде доделен на Република Северна Македонија со цел овозможување на Владата на Република Северна Македонија да ги користи средствата за резерви, за интервенција на пазарот на девизи или како директна поддршка за Буџетот.

Заемот ќе се отплаќа со средства од Буџетот на Република Северна Македонија.

Заемот ќе се повлекува во две еднакви транши од по 50 милиони евра. За секоја транша Министерството за финансии треба да поднесе писмено барање за повлекување средства до Европската комисија - ЕК. По добивање на барањето, ЕК ќе ги обезбедува средствата од пазарот на капитал, односно ЕК во име на ЕУ ќе започне со емисии на обврзници или какви било други соодветни финансиски трансакции за финансирање. Се очекува заради ААА рејтингот на ЕУ, средствата од пазарот на капитал ЕК да ги добие под доста поволни услови и под истите услови да и ги препозајми на нашата држава.

За секоја транша ЕК ќе издаде Известување, во кое ќе бидат утврдени конечните финансиски услови за траншата: износот на траншата, датумот на исплата, каматната стапка, датумот на достасување, банкарските провизии, и останатите трошоци за повлекување на средствата.

Согласно Законот за јавен долг („Службен весник на Република Македонија“ бр.165/14 – пречистен текст и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19 и бр.151/2021) во име на Република Северна Македонија, договор за заем склучува Владата на Република Северна Македонија, кој министерот за финансии го потпишува во името на Владата на Република

ARSYETIM LIDHUR ME PROPOZIMLIGJIN

I. SQARIM RRETH PËRMBAJTJES SË DISPOZITAVE TË PROPOZIMLIGJIT:

Huaja në vlerë prej 100 milionë eurove do t'i ndahet Republikës së Maqedonisë së Veriut, duke i mundësuar Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut që t'i shfrytëzojë ato mjete si rezerva, intervenim në tregun e devizave ose si përkrahje direkte për buxhetin.

Huaja do të paguhet me mjete nga Buxheti i Republikës së Maqedonisë së Veriut.

Huaja nga neni 1 i këtij ligji do të tërhiqet në dy transhe të njëjta. Për çdo transhe, Ministria e Financave në Komisionin Evropian do të parashtrojë Kërkesë për tërheqjen e mjeteve. Pas marrjes së kërkesës, KE-ja do t'i sigurojë mjetet nga tregu i kapitalit, përkatësisht KE-ja në emër të BE-së do të fillojë me emetimet e fletobligacioneve ose transaksionet e tjera përkatëse financiare të financimit. Për shkak të rejtingut AAA të BE-së, pritet që mjetet nga tregu i kapitalit KE-ja t'i sigurojë me kushte shumë të favorshme dhe me këto kushte edhe t'ia rihuazojë vendit tonë.

Për çdo transhe, KE-ja do të lëshojë Njoftim, ku do të përcaktohen kushtet përfundimtare financiare të transhesë: vlera e transhesë, data e pagesës, norma e interesit, data e maturimit, provizionet bankare, si dhe kostot e tjera për tërheqjen e mjeteve.

Sipas Ligjit të Borxhit Publik ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 165/14 – tekst i konsoliduar dhe "Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr.98/19 dhe 151/2021) në emër të Republikës së Maqedonisë së Veriut, Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut nënshkruan Marrëveshjen e huasë, që nënshkruhet nga ministri i Financave në emër të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut, pas miratimit paraprak të Ligjit të Huamarrjes.

Северна Македонија, по претходно донесен закон за задолжување.

Имајќи го предвид наведеното, Владата на Република Северна Македонија изготви Предлог на Закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската Унија по Договор за заем за макро-финансиска поддршка на Република Северна Македонија, по скратена постапка, кој го доставува до Собранието на Република Северна Македонија за усвојување.

Поради итноста на склучувањето на Договорот за заем, овој закон треба да влезе во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Северна Македонија".

Duke pasur parasysh të lartpërmendurën, Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut hartoi Propozimligjin e Huamarrjes së Republikës së Maqedonisë së Veriut me Hua nga Bashkimi Evropian në bazë të Marrëveshjes së Huasë për Përkrahje Makrofinanciare të Republikës së Maqedonisë së Veriut, me procedurë të shkurtuar, që dorëzohet për miratim në Kuvendin e Republikës së Maqedonisë së Veriut.

Për shkak të urgjencës për nënshkrimin e Marrëveshjes së huasë, ligji në fjalë duhet të hyjë në fuqi në ditën e publikimit të tij në "Gazetën Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut".

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ:

Предложените одредби претставуваат генерален опис на финансиските услови под кои ќе биде склучен Договорот за заем.

## II. LIDHJA E NDËRSJELLË E ZGJIDHJEVE TË PËRFSHIRA NË DISPOZITAT E PROPOZUARA:

Dispozitat e propozuara paraqesin përshkrimin e përgjithshëm të kushteve financiare për nënshkrimin e Marrëveshjes së huasë.

## III. ПРИДОБИВКИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА:

Со овој заем ќе се помогне за надминување на ситуација предизвикана од војната во Украина и енергетската криза, заради кои дојде до зголемување на цените на производите, како во светот, така и во Република Северна Македонија.

## III. PËRFITIMET QË DO TË REZULTOJNË NGA ZGJIDHJET E PROPOZUARA:

Me këtë hua, do të ndihmohet për tejkalimin e situatës së shkaktuar nga lufta në Ukrainë dhe kriza energjetike dhe si rezultat i këtyre ngjarjeve u rritën çmimet e produkteve, si në suaza botërore, ashtu edhe në Republikën e Maqedonisë së Veriut.